Врз основа на член 89 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17 јули 2024 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.45/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.45/21/2 од 24 јуни 2021 година, Су.бр.69/2022 од 24 јануари 2022 година, Су.бр.1089/22 од 7 декември 2022 година и Су.бр.1567/23 од 26 декември 2023 година, во член 11 табелата се менува и гласи:

| Звање | Број на извршители за систематизираните работни места |
|---|---|
| Секретар на Уставниот суд | 1 |
| Советник на Судот | 20 |
| Самостоен советник | 13 |
| Советник | 11 |
| Стручен соработник | 2 |
| Административен работник | 19 |
| Технички работник | 12 |
| Вкупно: | 78 |

### Член 2

Во член 13 во Табеларниот приказ на работните места, по работното место под реден број 23 се додава работно место со реден број 23-а кое гласи:

| **23-а. Одделение за преведување** | |
|---|---|
| **Звање** | Самостоен советник |
| **Назив на работно место** | Самостоен советник – лектор по албански јазик |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Наука за книжевноста-група албански јазик |
| **Посебни услови** | -ниво на стручни квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; |

| | |
|---|---|
| | -работно искуство од најмалку четири години во струката;<br>-познавање на друг јазик ќе се смета за предност;<br>-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење. |
| **Работни задачи и обврски** | - извршува работа на лекторирање и срамнување на текстови на материјали, преведени од македонски јазик на албански јазик и обратно за потребите на Судот;<br>-врши лекторирање на одлуките и решенијата и другите акти за објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија";<br>-извршува сложени работи и задачи во врска со лекторирање на текстови и документи на Судот;<br>-се грижи за вршењето лектура на прописите, материјалите, информациите и другите документи за потребите на Судот;<br>-врши и други работи коишто ќе му ги додели секретарот на Судот. |

Досегашното работно место под реден број 23-а, станува работно место со реден број 23-б.

Во работното место под реден број 27 во делот „Број на извршители" бројот „2" се заменува со бројот „3".

Во работното место под реден број 31 во делот „Број на извршители" бројот „4" се заменува со бројот „5".

Во работното место под реден број 32 во делот „Број на извршители" бројот „2" се заменува со бројот „3".

**Член 3**

Се овластува секретарот по влегувањето во сила на овој правилник, да објави пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија на интернет страницата на Судот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Су.бр. 924/24 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Уставниот суд на Република**
**Северна Македонија,**
**д-р Дарко Костадиновски**